**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Сто дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по 124-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Нелко Стојаноски, Гзим Острени, Сашко Кедев, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ванчо Ѓоргиев, Славица Грковска, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Абдилаќим Адеми, Фазли Велиу, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ако некој се чуди зошто ова го читам, јас ја прекинав седницата и ја протолжив во 15,00 часот деловнички.

Бидејќи треба да пристапиме кон гласање, ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Благодарам.

Во салата се присутни 57 пратеници.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Молам, уште еднаш службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Благодарам, 61 пратеник е присутен, тоа не значи дека другите пратеници не треба да дојдат.

Значи, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеника присутни, 59 гласале, 47 гласале за, 8 воздржани, 4 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 58 гласале, 52 гласале за, 3 воздржани, 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачот на законот пратеникот Кире Гештаковски, поднесе амандман на член 1 за менување на став 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Драго Шајноски, Марија Којзеклиска и Ристо Пејоски, поднесоа амандмани за бришење на членовите 1 и 2 по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од Драго Шајноски, Марија Којзеклиска и Ристо Пејоски.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот не сае прифаќа од проста причина бидејќи со амандманот се бара поништување на Предлогот на законот.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни, 58 гласале**, 8** гласале за амандманот, 2 воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратениците Драго Шајноски, Марија Којзеклиска и Ристо Пејовски.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 54 гласале, 8 за, 2 воздржани, 44 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продоложуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 55 гласале, 47 за, 2 воздржани, 6 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

**Минуваме на точка 24 - Предлог за донесување на закон за заштита од насилство во семејството.**

Предлогот за донесување на законот со дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ве молам, во Деловникот никаде не пишува дека предлагачот може да биде присутен. Кога ќе дојде во Собранието некој закон тоа е чисто наша работа. Ако предлагачот нема потреба да биде тука, тоа е негова работа. Ако некој побара јавно дека сака присуство на предлагачот, јас тоа ќе го почитувам. Еднаш да научиме дека Собранието е независна институција. Ако некој чувствува дека нема потреба за својот закон да биде тука, не мора да биде. Ние си имаме работа и ќе си ја завршиме. Сите закони што еднаш ќе дојдат во Собранието, без разлика дали се предлагачите тука или не се, се наша работа. И тоа треба еднаш да го научиме и да го сватиме.

Затоа предлагам на Собранието да го донесе следниот заклучок.

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за заштита во семејство.

2.Предлагачот на законот, пратеникот Иван Анастасовски ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за заштита од насилство во семејство при што ќе ги има во предвид мислењата и предлозите од расправата која што ја имаме на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до предлагачот на овој закон, пратеникот Иван Анастасовски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 55 гласале, од кои 5 за, 3 воздржани и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 25 - Предлог за декларација за извинување на жртвите од репресијата од режимот во периодот од 1945 до 1990 година.**

Предлагачот на овој закон се група пратеници.

Претпоставувам дека господине Стојан Андов, вие сте тој кој што е подносител и претставник на предлагачите, затоа што се први на списокот.

Предлогот на Декларацијата за извинување на жртвите од репресијата од режимот во периодот од 1945 до 1990 година Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Пратениците Јани Макрадули, Јанеќе Витаноски, Зоран Томиќ, Борис Кондарко, Славе Арсовски, Борко Ангелкоски, Борче Петковски, Јордан Михајловски, Коста Прешоски, Кирил Дојчиновски, Мите Николов, Добре Кекоски, Сашо Дохчев, Ристе Бислимовски и Никола Куркчиев поднесоа амандман за додавање нова точка 1-а по точка 1, по кој предлагачите не се произнеле.

Пратениците Каролина Ристова и Цветанка Иванова, поднесоа амандмани за менување на насловот на Предлогот на деклрацијата за менување на точка 1 за додавање на нова точка 1-а по точка 1 и за бришење на точките 2, 3 и 4, по кои предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот на декларацијата поднесен од пратениците Каролина Ристова и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесат.

Има збор господинот Стојан Андов.

(Процедурално за збор се јави господинот Јани Макрадули).

Процедурално, повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Претседателе, мислев дека прво ќе се отвори расправа предлагачот да ја образложи иницијативата, а бидејќи почнавте со амандманите во име на пратеничката група барам пауза половина час за да се консултираме како ќе се изјасниме по Деклрацијата.

**Љупчо Јордановски:** Деловнички за декларациите, вака како што службите го направија, половина час пауза.

(Пауза од 15,20 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Пред да се побара пауза, бевме кај амандманот 1.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот.

Господине Макрадули, процедурално, повелете.

**Јани Макрадули:** Господине претседател, после консултацијата што ја имавме во пратеничката група, би сакал процедурално да интервенираме во два члена.

Прво, согласно член 190 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието може по предлог на пратеник да одлучи да се спроведе одделно општ претрес по предлогот и претрес по текстот на предлогот. Бидејќи сметаме дека предлагачот има право и

би било нормално тој да ја образложи Декларацијата, а потоа ние да се изјаснуваме, барам како координатор на Пратеничката група, согласно член 79 став 3, каде што седницата може да се прекине кога за тоа ќе одлучи Собранието по предлог на пратеничка група или 10 пратеници, заради дополнителни консултации и прибавување на мислење од други органи, сметам дека Анкетната комисија записникот што го има треба да ни биде поделен, да го имаме предвид, дискусијата и она што биле аргументите на страна на предлагачите и на членовите на Анкетната комисија, кога се дебатирало за оваа декларација.

Затоа, ве молам, се повикувам на членовите 190 и 79 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Во членот 190 стои, ако Декларацијата ја сметаме како акт и мислам дека тоа не е спорно, бидејќи секоја иницијатива и секоја точка на дневен ред, без оглед дали е декларација, резолуција или закон, дека "Собранието може по предлог на подносителот на предлог на актот, пратеник, работно тело или Владата да одлучи да се спроведе одделно општ претрес по предлогот и претрес по текстот на предлогот".

За да го исполниме тоа, Собранието треба да одлучи. Значи треба да имаме поддршка од 10 пратеници и да гласаме. Тоа значи дека ќе се отвори општ претрес, предлагачот ќе може да образложи ако смета за неопходно да се поведе општ претрес по предлогот на текстот. Бидејќи ова не е закон, ова е предлог, значи Декларацијата по мое толкување е предлог. Сега да видиме дали имаме кворум тоа да го излгасаме.

Имаме 10 пратеници кои тоа го поддржуваат, имаме пратеник, се е исполнето, само уште да се обезбеди кворум.

Ги молам пратениците, бидејќи помина повеќе од половина час, да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Молам службите да утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи во салата се присутни 58 пратеници, а недостигаат уште двајца за да обезбедиме кворум.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се обезбеди кворум)

Сега во салата се присутни 63 пратеници.

Според Деловникот, право на пратеник е за било кој предлог да се предложи да има и општа расправа.

Затоа, предлогот Декларацијата, односно предлогот на точката на дневен ред, која што сега е на дневен ред, да има и општа расправа по текстот, да се изјаснат и предлагачите и пратениците, значи да не одиме по текстот, тоа е според членот 190 од Деловникот, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 66 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Според тоа, врз основа на овие резултати и на гласањето, отворам општа расправа по Декларацијата за извинување на жртвите од репресијата од режимот во периодот од 1945-1990 година.

Како што знаете, Предлогот на Декларацијата ви е доставен.

(потсетување од координаторот на Пратеничката група на СДСМ).

Сакате и двата члена од Деловникот да ги спомнеме. Не гледам потреба за тоа, но ќе отидеме и на вториот член, тоа е деловнички.

Бидејќи знам дека пратениците не така често го читаат Деловникот, ќе го прочитам членот 79 став 3, од Деловникот. Тој гласи: "Седницата може да се прекине кога за тоа ќе одлучи Собранието по предлог на претседателот на Собранието, пратеничка група, или 10 пратеници, а заради дополнителни консултации и прибавување мислење од Влада или други органи, одржување на седницата на надлежните работни тела за разгледување на предлозите на акти или материјали поднесени на седницата, како и заради отсуство на предлагачот, односно претставник на предлагачот на актот или материјалот.

Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Собранието не подолго од 1 час".

Според тоа, во суштината на овој член 79, ако го изгласаме, ќе имаме пауза од 1 час за да ги прибавиме овие мислења. Еден час пишува во Деловникот.

Да видиме прво дали има 10 пратеници кои го поддржуваат овој предлог.

(Повеќе пратеници креваат рака).

Има 10 пратеници.

Значи предлогот во врска со членот 79 став 3 го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 52 пратеника, 51 пратеник гласал за, еден воздржано и нема против.

Констатирам дека членот 79 став 3 е усвоен.

Објавувам пауза од еден час.

(Паузата отпочна во 16,10 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,15 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Значи, останува на она што е усвоено како отворање на општа расправа.

Молам, кој бара збор?

Господине Андов, дали вие имате збор како предлагач или не?

Не, вие не сте предлагач, господине Андов.

**Стојан Андов:** Јас не се јавив за збор, бидејќи е сосема јасно дека една ваква декларација треба да се донесе. Доцни Македонија, меѓу последните земји е. Мислам дека нема ништо спорно. Мислам дека никој не губи, сите добиваат, земјата најмногу и очекував да нема никакви тешкотии, да се гласа за декларацијата и да ја изгласаме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски имате збор, бидејќи сте пријавени. Повелете.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, многу ми е жал што по една ваква битна точка денес не најдовме и храброст и доблест да расправаме. Повеќе се предлагачи, тука се Стојан Андов, Ристана Лалчевска, Зоран Крстевски, Милка Митковска, четворица потписници од кои тројцата се овде присутни и сметам дека играта што ја правевте, за оваа декларација да се анулира на некој начин и да не проговориме јавно и покрај заложбите на европјаните кои јасно ви дадоа до знаење дека ваква декларација е осуда на еден тоталитарен систем, мора да се изврши во последниот неокомунистички бастион нарешен Република Македонија. А, некако на господава од владеачката гарнитура не им се слуша, затоа што и ден денес се сметаат за легитимни правни наследници на некогашната СКЈ, па СКМ и т.н.

Претседателе, ќе го искористам ова време до 18,00 часот и понатаму онолку колку што вие доцневте, а би било доблесно од ваша страна сите ние собрани овде и после 17,00 часот да расправаме ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, се плашам дека ќе ги избркате другите, ако го искористите цело време.

**Александар Флоровски:** Не, јас не ги бркам, јас побудувам интерес и ќе говорам во духот ...

**Љупчо Јордановски:** Воопшто нема да побудите интерес, бидејќи предлагачот беше сосема коректен и прати порака како треба да дискутираме.

**Александар Флоровски:** А, што сакате, јас ќе седам и ќе пејам од оваа говорница? Имаме декларација и таа говори јасно и децидно за извинување на жртвите од репресиите од режимот од периодот 1945 до 1990 година, чии правни наследници сте вие т.е. партијата која е денес на валст и која е преименувана во СДСМ и ако се стремите кон СДСМ-тенденции, тогаш ве молам да не ме прекинувате. Затоа што, ова што ќе го говорам сметам дека е од исклучителна важност не само за нас присутните овде, туку за сите оние кои паднаа како жртви на еден тоталитарен и непринципиелен режим кој се негуваше од 1945 до 1990 година, да не кажам и подоцна.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, дали сакате декларација да се донесе или не сакате да се донесе?

**Александар Флоровски:** Не ве слушнав.

**Љупчо Јордановски:** Дали сакате декларацијата да се донесе, или не сакате да се донесе.

**Александар Флоровски:** А, што сакате да кажете дека јас треба да седнам и да ставите ...

**Љупчо Јордановски:** Не, јас ве прашувам, дали сакате или не сакате, да или не.

**Александар Флоровски:** Што има вие да прашувате, според мојот настап ќе видите дали јас сакам или не сакам. Во старт ќе ви кажам дека ќе ја подржам оваа декларација, и сметам дека во некои точки требаше да биде поригорозна, се остава премногу простор на сите оние кои нанесоа невидено зло на овој макеоднски народ, а и подржани од европјаните кои бараа наше јасно и децидно изјаснување за осуда на тоталитарниот режим кој владееше во Македонија 45 години, и во тој контекс и тој правец ќе се движи мојата дискусија.

Значи, апослутно ќе застанам зад оваа декларација, а дали предлагачот настапувал со позитивна или негативна енергија, тоа е работа на предлагачот, а како јас настапувам, тоа е моја лична работа и судот ќе го дава народот и сите оние кои гледаат.

Што сакам, всушност, да кажам. Сакам следното да го презентирам во контекст на оваа декларација која е напишана во пет точки, а петтата точка да се објави во Службен весник на Република Македонија и верувам дека сите овде ќе најдат доблест, без разлика на политичката припадност да проговориме за едно минато време, каде што многу македонски и немакедонски фамилии беа изложени на невидените тортури, а рамни на фашистичките тортури од времето на владеењето и на Мусолини и на Хитлер. Значи, не правам разлика на национална припадност дали биле македонци, дали биле турци, албанци, туку биле репресирани многу граѓани кои не се сложувале со еден тоталитарен режим, кој живееше до 1990 година. За жал во главите на сеуште некои актуелни политичари, живее тој тоталитарен режим и не може да свати дека од 1990 година, па до ден денес е променет системот дека живееме во време на повеќепартиски систем, каде што нашето мислење имаа право јасно и гласно да го искажеме овде од говорницата на овој македонски Парламент. И, ќе продолжам, оваа декларација треба да се донесе, а за тоа говорат многуте жртви, почнувајќи од стреланите во Велес, стреланите во Куманово, па ќе продолжам со стреланите од бунтот на Кале кои бараа да се оди во Солун во еден период кога Македонија имаше шанси да се обедини. Потоа, ќе говорам за сите оние кои страдаа под плаштот на колективизацијата. Сакам да проговорам за сите оние кои настрадаа под плаштот на национализацијата, тоа се огромен број на жртви, на луѓе, на онесреќени македонски и немакедонски фамилии, граѓани на Република Македонија, кои за жал и ден денес не можат да ги најдат гробовите на членовите на сопствените

фамилии. Оваа декалрација е од многу битно значење, господа, ако се стремиме кон Европа, а не само декларативно да изигруваме и да се самозалажуваме дека цврсто грабиме кон Европа и кон рамките на ЕУ и НАТО. За да не остане тешкото бреме кое го носи СДСМ сметам дека треба да бидат присутни овде како пратеници, а не од пратеничка група од 40 до 50 пратеници само 5 души да се овде само присутни. Значи, не давате достојно внимание на една ваква битна декларација предложена од луѓето кои ги наброив, а јас се пријавив како прв говорник, затоа што сметам дека многу македонски патриоти настрадаа поради непринципиелна и големосрпска полиитка диригирана од центрите во Белград и како жртви на таа непринципиелна и големосрпск аполитика диригирана од Белград паднаа во 1945 година најголемите македонски синови кои се бореа за самостојна Македонија, почнувајки од Ченто, од Панко Брашнаров, од Павел Шатев, од Шарло Шаторов, во поновиот период, периодот на најголемата комунистичка диктатура браќата Гашеви, Јован Котевски, Панде Ефтимов и последната жртва на македонскиот комунизам идејниот творец на ВМРО Драган Богдановски. Тој 4 месеци го шетаа низ сите можни европски царинарници и го чуваа како леш пред да се закопа на македонските простори.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, ова е до 1990 година, мислам на декларацијата.

**Александар Флоровски:** Господинот Богдановски во 1989 година е ослободен од затворот горе на Солунска Глава, во 1990 година оди во Шведска, па во Финска и повторно се враќа во Шведска и во февруари 1990 година е формирач на партијата на ДПМНЕ. Значи, говорам за 1990 година.

**Љупчо Јордановски:** Вие спомнавте нешто друго.

**Александар Флоровски:** После тоа на 17.06. се формира ВМРО-ДПМНЕ како национална партија и носител на она што значи ДНК или македонски код за формирање на македонска држава кога многу малку од левите македонски партии размислуваа дека од Македонија може да стане држава.

И, ќе продолжам понатаму, мои драги колеги, за оној тоталитарен режим кој владееше овде за гнасотиите и нелогичностите кои ги правеа се зад плаштот на зачувување на таканаречената ФНРЈ или СФРЈ, барајки политички или идеолошки непријатели во сопствениот народ. Брат на братот си стана убиец и душман. Тоа е продукт на таа тоталитарна власт која владееше 45 години и чија идеолошка матрица, за жал, сеуште живее во главите на некои лево ориентирани политичари денес.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, може ли нешто да ве прашам. Зошто левата страна, која што сега е навистина максимално присутна тука, не ве слуша.

**Александар Флоровски:** А, кои сте вие, претседателе да коментирате дали некој ме слуша или не. Да не сте случајно видовит?

**Љупчо Јордановски:** Не, затоа што вие праќате порака до актуелната власт и гледам апсурд дека на левата страна, што за мое дивно пријатно изненадување се присутни, а сега тука не ве слушаат воопшто, туку разговараат меѓусебе.

**Александар Флоровски:** Еве, нека се свртат таканаречените независни медиуми, како што е МТВ, па нека покаже дали моите сопартиијци или она што значи денешна опозиција ме слуша или не ме слуша. Не, сте вие тој кој што ќе кажувате дали некој слуша или не.

**Љупчо Јордановски:** Размислете зошто не ве слушаат и повелете.

**Александар Флоровски:** Ви припишувам уште една работа, а тоа е она што е видовитост, значи ви ја препишувам како квалификација, затоа што се изјаснивте дека левата страна, поточно дијагонално лево од мене, колегите од опозицијата не ме слушаат. Ќе продолжам, сето ова што досега го набројав беше продуцирано се со една намера, а тоа е обезличување и бришење на сето она што значи, господа, македонско, на сето она што значи национално, на сето она што значи патриотско. Па, зато аод големосрпските центри, поточно од Белград ни беа праќани разно разни емисари од типот на Темпо, од типот на Добривое Радосављевиќ, Орце и да не ви ги бројам еден куп таканаречени идеолошки чистачи, се со една цел, една задача, сето она што значи македонско и кое што сакаше да создаде македонска држава самостојна, а не како привезок на тогашна Југославија, беа ликвидирани, беа судени, пред се, на Голи Оток како Сталинисти во името на народот, во името на Народниот суд. Второ, во името на националисти, како македонски националисти, а најчесто употребуван атрибут беше името на Ванчо Михајлов. Криејки се зад синонимот на Ванчо Михајлов, направивте т.е. направија невидени чистки на сето она што значеше движечка интелектуална македонска сила во Македонија. Знам дека боли вистината, но од вистината и од она што значи минато, не можеме да бегаме. Европа, тоа го бара, господа, од вас.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, може ли нешто да кажам. Кога веќе зборувате во прво лице еднина и множина, направивте и направија, ако веќе го користите тој збор, тогаш кажете направивме, бидејќи има и од лева и од десна страна такви луѓе.

**Александар Флоровски:** Јас правам игра на зборови, затоа што вие сте наследници на некогашната СКЈ, СКМ, денес СДСМ. Затоа, говорам во разни лица.

**Љупчо Јордановски:** Како рековте?

**Александар Флоровски:** Ќе ви повторам следниот пат кога ќе се пријавам по втор пат, немам намера да повторувам. Значи, вие не ме слушате внимателно, а сите овде внимателно ме следат.

**Љупчо Јордановски:** Јас многу внимателно ве слушам и немојте да користите сегашно време и прво лице множина, ве молам. Немојте да користите прво лице множина во сегашно време.

**Александар Флоровски:** Нема ни теоретски шанси да ме деконцентрирате. Немате теоретски шанскi да ми го одземете она што го мислам и сметам дека треба да го кажам, со тоа што ми упаѓате во зборот. Затоа што, ова што го говорам за мене е рутина и навика, моето десетгодишно искуство го користам обилно не само по овие прашања. А, вие ве молам помалку да се тревожите и концентрирајте се на она што ќе значи ваше претставување на Република Македонија преку Барата во Вашингтон. Сметам дека со умот веќе сте таму и затоа дозволете да говориме овде отворено, јасно и децидно. Ако вие со ваквата идеолошка матрица продолжете да размислувате и таму, веднаш ќе добиете карта за еден правец назад во Македонија. Цел свет го осуди комунизмот, освен Република Македонија . Нашите претставници во Европарламентот немаа храброст, немаа срце, немаа доблест да кренат рака и да го осудат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам што се секирате за мене.

**Александар Флоровски:** Не се секирам воопшто, се секирам за вашето здравје да не се тревожите толку. И, оставете ме да продолжам, затоа што ова е за доброто на сите нас, еднаш засекогаш да го скинеме тоа тешко бреме кое стои над нашите глави. Јас не можам, затоа што вие припаѓате на СДСМ и сте наследник на СКМ да ви ги осудам вашите деца, тоа е мојата поента. Да не се блатиме, да не се плукаме меѓу нас и еднаш засекогаш да ги отвориме картите и да речеме ова македонско поглавје е затворено и се отвора нова македонска историја, која треба да ја градиме заедно, за да може Македонија да стигне во Европа. Тоа е мојата поента. А, ми велите дека сте видовит. За жал, моите размислувања можете да ги прочитате, тоа е мојата поента. Но, јас не можам куќа да градам без темел. Оваа држава не е градена без темел, без крвата на луѓето кои ги дадоа животите за Македонија, а завршија најбедно и на Голи Оток и во Идризово и во Отешево и на многу знаени и незнаени места како жртви на една тоталитарна политика наречена комунистичка партија на Македонија. За жал, како ревносни слуги на таа големосрпска политика се најдоа ревносни предавници од луѓе коине се меѓу живите и не скам да ги спомнам, кои беа главни експоненти на таа големосрпска политика, барајки жртви секој оној што макар и малку ќе се изјаснелкако патриот. Секој оној што го негирал или ја негирал КПМ беше затворан, апсен, интерниран и на крај ликвидиран. Кога можеа рака да кренат на првиот претседател на Президиумот Методија Антонов Ченто, па каде беше крајот на сите онеи знаени и незнаени, да не говорам за Струмичката петорка.

Претседателе, овие се толку сериозни работи што верувајте ме погодуваат и сметам дека овој Парламент треба да ја донесе оваа декларација во духот на заедничкото живеење, утре да не си префрлуваме кој на кого бил крвник. Лошо е и за странците што ме гледаат, а не гледаат, бидете сигурни, затоа што знаеме која е работата на странските претставништва овде, амбасадори и конзули. Лошо е за Република Македонија кога ќе излезе човек од опозицијата да говори за едно минато време кое сакаме сите да го заборавиме, а вие правите напори да ми го одземете зборот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, ајде сега сериозно да зборуваме, бидјеки вие до сега можеби бевте сериозни.

**Александар Флоровски:** Нема вие што да зборувате, јас сум на говорница, а вие кога ќе зборувате, ќе дојдете овде и вашите аргументи ќе ги спротивставиме со моите аргументи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, факт е дека оваа седница е продолжена, а деловнички можев да не ја продолжам и ја сваќам сериозноста на оваа точка. А, тоа што вие се обидувате да ја направите несериозна, тоа е друга работа. Вие ја деградиравте целата концепција на оваа декларација, каде што мислам дека постои конценвус меѓу сите политички партии и сите луѓе.

**Александар Флоровски:** А зошто има амандман?

**Љупчо Јордановски:** Амандманите се амандмани, се направија разговори, договори и преговори.

**Александар Флоровски:** Јас за тие разговори, преговори и договори ...

**Љупчо Јордановски:** Достоинството на оваа Декларација да го зачувате, бидете краток, кажете го тоа што мислите да го кажете, а не да напаѓате нешто што се случило и нешто што никој не учествувал од овие што се присутни овде. Се согласувам дека треба да има една ваква декларација јас лично...

**Александар Флоровски:** Се осеќате погоден, како правен наследник на СКМ...

**Љупчо Јордановски:** Немојте да ја деградирате оваа Декларација, ве молам.

**Александар Флоровски:** Јас не ја деградирам, туку...

**Љупчо Јордановски:** Господинот Андов ве гледа и гледа што од неговата Декларација станува од оваа говорница. Извинете господине Андов што јас сега се вмешав.

**Александар Флоровски:** Дозволете, вие кога ќе сакате да говорите, вие сте прв меѓу еднаквите, ќе говорам до 18,05 часот, вие кога ќе земете збор, вие сте прв меѓу еднаквите, тоа е факт, но кога ќе сакате да земете збор ќе дојдете овде на оваа говорница, а не да ни делите лекции овде зад грб и да ми дишете во врат. Јас што ќе говорам дали со овој говор ја деградирам оваа Декларација, мислам дека апсолутно не сте во право, сакам максимално да ги отворам картите за да можеме да ги затвориме овде сите заедно сите оние работи кои се случуваа во минатото. А вам дали ви се допаѓа или не најмалку ми е гајле,

да ви кажам. Ќе продолжам со мојата дискусија таму каде застанав, а застанав кај сите оние ревносни Македонци кои спроведуваа една туѓа политика овде и зад плаштот на таа политика, да не кажам стотици и илјадници Македонци завршија во беспаќата, завршија во непознати гробови, денеска нивните фамилии да не можат да запалат, онака како што налагаат нашите христијански обичаи, една свеќа за помен, ако не повеќе.

Истите тие ревносни извршители на една туѓа политика Колишевски, кој ревносно ја спроведуваше таа политика од Белград, беше активен учесник во чистките и репресалиите на сите оние Македонци кои, барем малку, мислеа и за Македонија и се чувствуваа малку попатриотски од сите други или јавно се изјаснуваа. Истиот тој, за жал, кој потпиша молба до бугарскиот цар Борис дека е благонадежен Блгарин, тоа се факти, тоа е историја за која мора да проговориме овде и не можеме да бегаме од вистината. За да стигнеме до вистината мора да се отвори книгата и писанието и начртанието на еден 45 годишен тоталитарен режим.

Што е тоа што всушност сакам да го кажам? Дека комунизмот како политички процес го ставам на исто рамниште со фашизмот едниот е лев другиот е десен тоталитарен режим. Ставам знак на равенство, но, за жал, пак ќе кажам и покрај заложбите на Европа, веќе по трет пат ја спомнувам, која јасно и децидно ни даде на знаење дека Македонија мора да преземе еден ваков чекор, една ваква декларација, да ја верификува ова македонско Собрание и да го тргне тоа тешко време кое стои над главите на сите нас. Да ви кажам искрено најголема поддршка очекував од СДСМ да излезат пратеници и дадат поддршка на оваа Декларација за да она што го правеа нивните претходници по политичка припадност, го симнат од себе за да утре не бидат обвинувани од десните партии дека тие ги чинеле тие зло дела. Очигледно дека таква поддршка ќе немам и според онаа агенда што е договорена со мојот говор во 18,00 часот ќе заврши оваа точка и ше нема финале. Зошто е така направено не ми е јасно, а уште повеќе ми е нелогично, сметам дека сите пратеници по оваа точка треба даземеме учество, пред се пратениците од СДСМ, да го осудат периодот и1945-1990 година и она што го носат како баласт на себе да го тргнат еднаш засекогаш. Едноставно да докажете не пред нас, пред европската, а можеби и светската јавност дека можеби сте правни наследници, но она што значи ментален склоп е променет и дека строго се движите кон европската социјалдемократија и дека во вашите ментални склопови веќе ја нема таа идеологија која валдееше 45 години.

Да не говорам за амандманот кој е понуден овде, кој апсолутно не држи вода, понуден од позицијата, дека во Македонија не постоеше тоталитарен режим, тоа македонски дали знаете како се вика? Ај нема да ви кажам, на сите вас ви е познато, не мораме јасно и децидно да кажеме што се случувало во Република Македонија.

Едно вакво решение понудено од господинот Андов и од група пратеници не само што е логично, не само што е потребно, ваква иницијатива требаше да даде СДСМ многу порано, но се немаше слух, за жал, секогаш каскате зад балканските и европските настани, на што се должи тоа не би можел да кажам, не сум видовит, но пак ќе кажам дека очекував апсолутна поддршка од пратеничката група и на СДСМ и на што значи денешна позиција.

Ќе продолжам онаму каде што застанав кажувајќи за масовните гробници низ Македонија, за многу расфрлани македонски тела на македонски патриоти, попатно сакам да ви спомнам за уште една работа која никој овде, за жал, не ја спомнува, а тоа е уште една масовна гробница во Катланово на македонските борци од ДАГ и таква работа постои, за жал, македонската држава не најде за сходно барем да го одбележи тоа гробно место, а ние како наследници на тие борци затоа што и татко ми беше учесник во ДАГ, почина овде, не таму, ако не повеќе да можеме да запалиме една свеќа затоа што и тие македонски борци се бореа за национални права, не за идеолошки права.

Но, зад плаштот на комунизмот и Комунистичката партија на тогашна Грција беа ветувањата дека Македонците во Егејска Македонија ќе добијат автономија, ова само попатно го спомнувам. Ќе продолжам таму каде застанав, а застанав на 1948 година, година која е посебна и за македонскиот народ и за македонската историја. Тогаш почна Информбирото, а зад плаштот на информбировци беа апсени плеада македонски патриоти. Еден Павел Шатев, еден прекрасен ум, родум од Кратово, амнестиран 1908 или 1909 година од тогашниот турски султан, Абдул Хамид Петти, но затворен од тогашната комунистичка клика на чело со Јосип Броз и заврши во занданите на македонските апсани. Еден прекрасен ум, еден прекрасен интелектуалец, човек последен од македонските гемиџии, не успеа да ја преживее комунистичката тортура наметната во периодот 1945-1990 година.

За да работите бидат уште посветли, појасни, во таа комунистичка папазјанија, во таа мелница на човечки тела и меса, ни се случи обнародување на Македонците муслимани натерани да бегаат во Турција. Ни се случи бркање на Турците во 50-тите години како продукт на една, пак ќе кажам, тоталитарна политика или тоталитарен режим. За да парадоксот биде уште поголем, многу Македонци кои по сила на нештата се најдоа низ разно разни европски држави како помина мојата фамилија пет европски држави за да на крај се скраси во сопствената матична земја Република Македонија, кога доаѓаа македонските фамилии, за да биде парадоксот уште поголем, не постоеше македонска фамилија која не беше месец дена однесена во Идризово за да случајно не се соработници или доушници на тогашниот Варшавски пакт или СССР. Тоа се парадокси кои

ги наметна еден систем кој владееше со оваа Македонија, кој, секој оној кој покажуваше и малку патриотско чувство и малку грижа за сопствената татковина завршуваше неславно без трага, без глас. Тоа е вистината, тоа се фактите, имав уште многу факти кои би можел да ги набројам и тоа не треба да се бега, туку треба да се говори јавно и отворено.

Затоа оваа Декларација бара поддршка, да не кажам акламација на сите нас овде присутни ако не денеска утре, да се собереме во една голема бројка да дадеме почит, ако не повеќе, на сите оние кои завршија неславно, а според член 36 од Уставот на Република Македонија, случајно тој амандман е мој, колку за ваше сознание, вели вака господа: Дека сите оние кои се бореа за самостојна Македонија ги добиваат истите права како борците од НОБ, парафразирам, можете да го видите во Уставот членот 36, тука е господинот Андов живо се сеќава на тие настани, случајно тој амандман помина со 86 гласа со поддршка и на СДСМ, тогашен СКМ ПДП.

Значи, во тој период ако постоеше дух на добра волја, ако постоеше волја да се расчисти со минатото и осуда на тој режим, денеска ни се случува нешто чудно, цело време некој да ми дише во врат, да ме прекинува од една единствена причина да ме замолчи да не кажам она што сметам дека треба да го кажам, а за доброто на сите нас, за доброто на сите идни поколенија кои ќе треба да седнат во овие клупи и меѓу себе да не се гледат како мачка и глушец или како непријатели, туку како политички конкуренти. Тоа е поентата на моето излегување и онаа Декларација што е понудена од двајца претставници на СДСМ не само што е бедна, господа, таму стојат работи кои воопшто нема да стојат. Ова е вистинското место, доколку јас би се прашал, би бил уште порадикален. Мора да излезат на виделина сите оние луѓе кои се живи, а учествувале во сите овие гнасотии кои се вршени врз овој народ, без разлика на вера, националност, етничка припадност, мора да се одговара на сите оние унесреќени фамилии мора да им се даде статисфакција која треба овде сите ние заеднички да ја усогласиме.

Но, гледајќи го она што е пред мене, а тоа се празни клупи, немам впечаток дека некој има добра волја и сака да го притисне копчето за да ја поддржиме оваа Декларација. Дали некој се договарал да се прифати Декларацијата ваква, јас не сум во тек, мене никој не ме известил, никој не ме информирал, јас на стартот кажав дека ќе ја поддржам оваа Декларација и тука пардон нема. Не само што ќе ја поддржам, туку ќе дадам и максимална поддршка на она што значи и мое присуство овде иако многу веќе ги нема и она што значи моја елаборација на нештата. Зарем смееме да поминеме така бегло преку сите настани кои траеја 45 години господа, замислете 4,5 декади на невидена тортура.

Тука ќе застанам затоа што сметам дека мојот почитуван колега Трендафилов исто така има многу битни работи да каже, ќе ја напуштам говорницата со една горчина во устата, со едно лошо чувство зад мене затоа што десетина минути од моето излагање беа одземени со коментарот на претседателот. Сметам дека не е коректно, не е човечки, не е колегијално пред се, затоа што една ваква битна точка не само што треба да помине, туку сметам дека претседателот требаше да биде еден од главните двигатели кој цело време се декларира дека е демократ и космополит по убедување и дека е за осуда на секој тоталитарен режим, барем во нашите меѓусебни разговори тоа го говори, а оваде како се декларира тоа е негово право и тука господа ќе завршам, господине Тендафилов еве, заради нашето другарство ви отстапувам простор.

**Љупчо Јордановски:** Епа сега вие не му давате збор на господинот Трендафилов, јас му давам збор на господинот Трендафилов, а морам само да ви кажам господине Флоровски вие повеќе направивте штета на оваа Декларација отколку што направивте корист.

(Рекација од страна на господинот Флоровски од место).

Не беа 10 минути, туку 10 секунди за да погледате колку има пријавени за да дадеме можност на секој да се искаже.

(Пак реакција од страна на Флоровски).

Затоа постои овој план овде за да можете да се искажете, инаку, господине Флоровски јас навистина го разбирам вашиот гнев, но да се живее во историјата е најтрагично нешто, од историјата можеме да учиме, но да живееме во историјата нема иднина.

Господине Трендафилов имате точно пет минути, повелете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски, мислам дека навистина вашето однесување беше некоректно додека дискутираше нашиот колега Флоровски од многу едноставна причина. Јас од вас слушнав дека постоел политички консензус во врска со донесување на оваа точка, вие како претседател на Собранието на Република Македонија ќе го искористевте вашето влијание и вашата позиција во Република Македонија и додека дискутираат пратениците овде ќе седеше претседателот на Владата, а можеби до него и Претседателот на Републиката.

Ние ќе ја донесевме таа Декларација во таква атмосфера за која вие говоревте. Но, погледнете го владиното мнозинство во Собранието, тие денеска искористија една деловничка можност само и само да не се расправа и да не се донесе оваа Декларација во текот на денешната пленарна седница. Затоа вашето однесување кон господинот Флоровски најмалку може да се каже дека беше коректно, вие едноставно ја злоупотребивте вашата позиција.

**Љупчо Јордановски:** Не е точно господине Трендафилов...

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас само ќе завршам, ако сакате да ви верувам на збор дека навистина

постои политички консензус овде ќе бидат присутни Црвенковски како Претседател на Република Македонија, Бучковски како претседател на Владата на Република Македонија, претседателот на Комисијата за надворешна политика и ове двајца изгубени Жерновски и Игор Ивановски кои гласаа онака како што гласаа и ние како Собрание ќе ја донесеме Декларацијата во каква форма сакаме. Не може истовремено едни те исти луѓе овде во Собранието да држат предавање и за Европската унија и за НАТО интеграции, а истовремено да го манипулираат, секако дека постоеше можност во Деловникот за да се одложи донесувањето на оваа Декларација само и само да не биде донесена.

Кога вие со вашето влијание кое неоспорно го имате, користејќи ја позицијата претседател на Собранието на Република Македонија практично можам да ви гарантирам дека никој од ВМРО-Народна нема да дискутира доколку на тој начин со присуство на овие политички лица и носители на државни функции се покаже двосмислената волја од политички консензус.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, бидејќи направивте реплика, јас ќе ви кажам дека резултат од моето влијание е овој еден час расправа. И ако тоа не ви е доволно? Јас не спомнав за политички консензус, спомнав за парламентарен консензус. Затоа што ги повикува и другите политички институции. Ова е Парламент. Како пред извесно време без предлагач ние донесовме или одбивме закон, затоа што законот кога ќе влезе во Парламентот е исклучиво работа на парламентарците, а не на било кој. Значи, во овој час имате можност да го разберете точно моето влијание и мојата ургенција. Имате уште две минути, занимавајте се со Декларацијата која што дојде на дневен ред.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Многу е тешко да ве замолкне човек.

**Љупчо Јордановски:** Донесовме одлука да водиме општа расправа. Можевме да поминеме само на амандмани.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски, значи, македонската надворешна политика 16 години повторува едно те исто: евроинтеграции, доближување до НАТО. Парламентарното мнозинство на чело со СДСМ просто користејќи одредба од Деловникот на Собранието се обиде да го минира завршувањето на седницата со донесување на оваа декларација, не навлегувајќи во содржината, дали е блага, може да биде поконкретна, или понеконкретна. Едноставно вие како дел од тоа владеачко мнозинство треба да сфатите дека не може истовремено да сонувате за Црвена Москва и за Белград и да зборувате за Брисел и за Вашингтон. Тие работи не одат. Едноставно не одат.

**Љупчо Јордановски:** Па не одеа господине Трендафилов ниту во претходната власт 4 години, па ваква декларација не се донесе. Се извинувам, ако веќе мораме политички да разговараме како припадник на СДСМ, а не како претседател.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски, вие во минатиот состав имавте виспрени првенци во Парламентот како опозиција и кој ви забрани да поднесете ваква Декларација?

**Љупчо Јордановски:** Не, вие имавте можност кога бевте во позиција да го донесете ова.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ама сега сакате јас да седнам до генералниот секретар за да дискутирам, или излезете со реплика?

**Љупчо Јордановски:** Една минута, ве молам. Немојте да ме спомнувате мене, ве молам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Па ве повикувам.

**Љупчо Јордановски:** Не. Немојте да ме спомнувате и да ме повикувате, дискутирајте си.Бидејќи ви одзедов три минути, повелете, имате плус три минути.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, парламентарното мнозинство користејќи ја деловничката можност стори се да се минимизира оваа иницијатива во Собранието. За далеку поминорни точки врховниот командант, претседателот на Република Македонија господинот Црвенковски ги испраќа исто наши колеги кои не знам колку функции и улоги имаат, советници во неговиот кабинет и членови на Парламентот да држат контрола во владеачкото мнозинство. Вечерва не ги гледам, ниту оној младинец од ЛДП не е тука да говори во прилог на Декларацијата, ниту господинот Ивановски не е тука, ниту нашите членови во Советот на Европа, членовите на Комисијата за надворешна политика не се тука да дискутираат кои се предностите доколку ова го направиме како што треба и кои можеби се последиците за Република Македонија, доколку не го направиме ова како што треба. А очигледно, со тоа што мнозинството е тука, ниту Владата е присутна барем застапена преку шефот на македонската дипломатија, кажува она што го знае практично секој приврзаник на опозицијата, или јас ќе зборувам за ВМРО - Народна партија дека СДСМ многу малку се трансформирал во современа партија, едноставно останале во срцето комуњари. Погледнете ги членовите на Централниот одбор и се ќе ни биде јасно.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Само можам мој краен заклучок да кажам дека од пријавените и начелно кога се дискутира, се знае кој всушност сака да го одолговлече донесувањето на оваа Декларација.

За продолжението на оваа седница ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина во 18,00 часот)